2. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот федерален совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

3. Се определува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот федерален совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000

година меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловното окружување согласно извештајот „Doing Business 2019" на Светска банка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

ЗАПОЧНУВАЊЕ НА БИЗНИС

1. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија да достави до Министерството за финансии збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Започнување на бизнис во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

2. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за правда и Министерството за финансии, да ја разгледаат можноста за утврдување на надоместокот за отворање на фирма од страна на регистрационите агенти (адвокати и сметководители) во соодветен акт, по можност подзаконски акт (Правилник) или Тарифник на Централниот регистар и за истото да ја извести Владата, во септември 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија, да ја разгледа можноста за изменување на Законот за работните односи во насока на укинување на обврската за објавување оглас за вработување на работници во ново отворени фирми, во период од една година од започнувањето на вршење на дејноста и да ја извести Владата, во септември 2019 година.

ДОБИВАЊЕ ГРАДЕЖНИ ДОЗВОЛИ

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС, да ја разгледа можноста за намалување на останатите трошоци за добивање на градежни дозволи, кои се однесуваат на ангажирање независен супервизор за градежни работи, обезбедување на гео-техничка студија на земјиштето, топографско истражување на земјишната парцела и комунална инфраструктура, како и можноста истите да бидат земени во вид при првите наредни измени на Законот за градење и да ја извести Владата за горенаведеното, во септември 2019 година.

5. Се препорачува на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје да ги извести Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, до крајот на мај 2019 година за стапувањето

во функција на можноста за електронско поднесување на барање и добивање на хидротехничките услови во рамките на електронскиот систем за добивање на градежни дозволи.

ПРИСТАП ДО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

6. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со спроведени активности во делот на индикаторот Пристап до електрична енергија во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

7. Се препорачува на ЕВН „Електродистрибуција“ ДООЕЛ Скопје да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со спроведени активности во делот на индикаторот Пристап до електрична енергија во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

РЕГИСТРИРАЊЕ НА ИМОТ

8. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Регистрирање на имот во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

9. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите Добивање градежни дозволи и Регистрирање на имот во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторите, најдоцна до 30 мај 2019 година.

10. Се препорачува на Град Скопје да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Регистрирање на имот во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

ПРИСТАП ДО КРЕДИТИ

11. Се препорачува на Централниот регистар на Република Северна Македонија до крајот на јуни 2019 година, да ја извести Владата за статусот на реализација на активностите за унапредување на пристапот до финансии за малите и средни претпријатија преку зголемување на ефикасноста на системот за обезбедени трансакции и унапредување на заложниот регистар и понатаму полугодишно да доставува известувања до Владата.

ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

12. Се задолжува Министерството за финансии до крајот на јуни 2019 година да одржи состанок со сите засегнати страни за можноста за изменување на Законот за ревизија во насока на тоа кај акционерските друштва кои котираат на берза одборот за ревизија да се состои единствено од членови на надзорниот одбор или одбор на директори, а исклучок да претставуваат банките и други правни лица од јавен интерес согласно можноста.

ПЛАЌАЊЕ ДАНОЦИ

13. Се задолжува Министерството за финансии - Управата за јавни приходи да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите Започнување на бизнис и Плаќање даноци во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторит, најдоцна до 30 мај 2019 година.

14. Се задолжува Министерството за финансии - Управата за јавни приходи најдоцна до 30 мај 2019 година да достави до Министерството за финансии податоци за извршени контроли и инспекции согласно системот за евалуација на ризик во март и април 2019 година во споредба со истиот период лани, со цел да се утврди дали има и колкаво е намалувањето на извршени инспекции, за да може соодветно да се извести Светска банка за утврдените резултати во делот на индикаторот Плаќање даноци.

15. Се задолжува Министерството за финансии-Управата за јавни приходи да формира работна група со претставници од Министерството за финансии, која ќе изготви и во септември 2019 година, до Владата да достави информација за можноста за воведување на систем и алатки за автоматска контрола на валидноста на даночното побарување и повратот на средства [упарување на Спецификациите на конто 120 (купувачи) и спецификациите на конто 220 (добавувачи)], со цел да се автоматизира постапката на проверка и контрола на сумата за данок и да се намали потребата од контрола и кај ДДВ и данок на добивка. При ова, работната група треба да го земе предвид искуството од други даночни администрации (Бугарија, Естонија и Латвија).

ПРЕКУГРАНИЧНО ТРГУВАЊЕ

16. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Прекугранично тргување во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

17. Се задолжува Министерството за правда да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторот Спроведување на договори во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со индикаторот, најдоцна до 30 мај 2019 година.

18. Се задолжува Министерството за економија да достави до Министерството за финансии, збирен материјал на македонски и на англиски јазик во врска со сите спроведени реформи и активности за индикаторите Пристап до кредити, Заштита на малцински инвеститори и Решавање на несолвентност во периодот од 1 јуни 2018 до 1 мај 2019 година, како и за планираните активности поврзани со овие индикатори, најдоцна до 30 мај 2019 година.

## Точка 33

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот од Првата седница на македонско - бугарската меѓувладина комисија за економска соработка по билатералниот Договор за економска соработка и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија во рок од 10 дена да ја извести бугарската страна за спремноста да ја интензивира соработката меѓу техничките работни групи од проектот „Спојување на ден однапред на пазарите со електрична енергија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија".

2. Се задолжува Министерството за економија во рок од 10 дена да иницира постапка за преговори и потпишување на меморандум за соработка во туризмот меѓу Министерството за економија на Република Северна Македонија и Министерството за туризам на Република Бугарија, кој меморандум ќе се потпише во рамки на Втората заедничка седница меѓу владите на Република Северна Македонија и Република Бугарија.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена да ги финализира преговорите со бугарската страна за склучување на меморандум за соработка во областа на земјоделството на ниво на министерства, кој ќе се потпише во рамки на

Втората заедничка седница меѓу владите на Република Северна Македонија и Република Бугарија.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 10 дена да ја информира Владата на Република Северна Македонија за резултатите од одржаната прва средба на Работната група за координација на активностите за подготвка, изградба и финансирање на железничка прекугранична врска меѓу двете земји, одржана на 2 април 2019 година, во Софија.

5. Се укажува на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси - Скопје, во државна сопственост во рок од 10 дена да номинираат членови на техничко ниво во работната група помеѓу НЕР АД Скопје и Булгартрансгаз ЕАД Софија, за реализација на Договор за спроведување на физибилити студија за изградба на нова гасоводна интерконекција помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија.

6. Се укажува Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони на Република Северна Македонија во рок од 10 дена да иницира постапка за преговори и склучување на меморандум за разбирање со Националната компанија Индустриски зони Саладин, во областа на создавање и развој на индустриски зони, кој меморандум ќе се потпише во рамки на Втората заедничка седница меѓу владите на Република Северна Македонија и Република Бугарија.

7. Се задолжува Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да го достави усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за поттикнување на трговската и економската соработка помеѓу малите и средни претпријатија со Бугарската агенција за промоција на мали и средни претпријатија до Владата на Република Северна Македонија за негово разгледување и усвојување.

## Точка 34

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „с. Ореовец“ Општина Прилеп, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање - сектор за води, да достави ново мислење по Информацијата.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за складираните материјали од геолошките истражувања од одземената концесија за експлоатација на минерална суровина бакар, злато и сребро на локалитетот Казандол Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран на фирмата Сардич МЦ ДООЕЛ Скопје во стечај, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и

заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за економија и Геолошки завод на Република Северна Македонија да извршат увид и изнајдат локација за сместување на материјалите од геолошките истражувања;

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија потребните средства за транспорт и внесување на материјалите од геолошките истражувања од с.Пирава Општина Валандово до новата локацијата да ги обезбеди од сопствениот буџет со пренамена, а доколку не е во можност да побара наменски средства за оваа намена со следното буџетирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Ливинг", со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Ливинг" со седиште на ул.Македонско - Косовска бригада 1 бр.89 Скопје, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел „Капиштец" - Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Капиштец" - Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со седиште на ул. „Миле Попјорданов" бр.3 Скопје), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Ковачка" со реф. бр.21, 22 и 23 и МХЕЦ „Крапска" со реф. бр.45 на концесионерот „Актуел Енерџи Груп" ДОО Скопје и МХЕЦ „Рибничка" со реф. бр.7 на концесионерот „Глобал Енерџи" ДОО Скопје, со Записник од состанокот на Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, како и на почитувањето на обврските од страна на концесионерите, согласно закон и договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ „Ковачка" со реф. бр.21, МХЕЦ „Ковачка" со реф. бр.22 и МХЕЦ „Ковачка" со реф. бр.23, бр.11-

4180/1 од 4.5.2015 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 22.1.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Актуел Енерџи Груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за МХЕЦ „Ковачка“ со реф. бр.21, МХЕЦ „Ковачка“ со реф. бр. 22 и МХЕЦ „Ковачка“ со реф. бр.23 најмалку до 23.3.2020 година.

3. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ „Крапска“ со реф. бр.45, бр.11-4182/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 5.1.2020 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Актуел Енерџи Груп“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за МХЕЦ „Крапска“ со реф. бр.45 најмалку до 6.3.2020 година.

5. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ „Рибничка“ со реф. бр.7, бр.11-4182/1 од 7.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 7.5.2021 година.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Глобал Енерџи“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за МХЕЦ „Рибничка“ со реф. бр.7 најмалку до 8.7.2021 година

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за 161-та седница на Одборот на директори на Претпријатието за нафтовод Солун - Скопје - Вардакс АД, закажана за 30 мај 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 2, да биде „ВОЗДРЖАН“, за одобрувањето на Финансиските состојби за работењето во периодот од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година, согласно со Меѓународните сметковоствени стандарди (М.С.С.), со релевантните извештаи на ревизорите под заклетва и Извештајот за управување на Одборот на Директори на друштвото „Претпријатие на нафтоводот Солун-Скопје-Вардакс АД“.

2. Се задолжува претставникот на Република Северна Македонија во Одборот на директори на друштвото Вардакс, Бобе Цецев по однос на точката под реден број 3, да гласа „ЗА“, за свикување на редовно Генерално собрание.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд (октомври 2018 - март 2019 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Град Скопје во рок од две недели до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да достави листа на Предлог-проектни идеи кои би биле соодветни за реализација преку Програмата за развој на зелени градови која ќе се имплементира преку Европската банка за обнова и развој, а со финансиска поддршка на Зелениот климатски фонд.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за финансии во рок две недели да одржат состанок со претставници од Град Скопје, со цел да се разгледаат можностите за искористување на средства преку Програмата за развој на зелени градови која ќе се имплементира преку Европската банка за обнова и развој, а со финансиска поддршка на Зелениот климатски фонд.

3. Се задолжува Министерството за правда во рок од две недели до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да достави свои коментари по однос на Предлог-договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд.

4. Владата ја назначи Олимпија Христова Заевска, советник за меѓународна економија и развој на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за дополнителен технички Focal Point за Зелениот климатски фонд.

5. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, како национално овластен орган за Зелениот климатски фонд, во рок од две недели да го извести Фондот за дополнително назначениот технички Focal Point, согласно процедурите на Фондот.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја информира Владата во врска со активностите за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд најдоцна до 30.9.2019 година, а по потреба и порано.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржување на Министерски форум за правда и внатрешни работи Европска Унија - Западен Балкан, во рамки на Финското претседателство со Советот на Европската Унија, Скопје, 18 - 19 ноември 2019 година, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за европски прашања и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а му препорача на Градот Скопје, во рок од 10 дена, до Министерството за правда да номинираат по двајца претставници на Координативно тело за организација и координација на процесите за подготовка на Министерскиот форум за правда и внатрешни работи Европска Унија - Западен Балкан.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлука на Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија: Седловски против Република Северна Македонија (А.бр.56273/14), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одржаниот Тринаесетти состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 18 и 19 октомври 2018 година во Брисел, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Секретаријатот за европски прашања да достави нови Предлог-заклучоци, усогласени со мислењата на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за имплементација на Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020, како материјал за информирање, имајќи го предвид усно изнесеното позитивно мислење од страна на претставникот на Министерството за информатичко општество и администрација.

**<u>Точка 45</u>**

Владата го разгледа и го прифати новиот текст на Акцискиот план (2019-2027) за спроведување на Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ и го задолжи Министерството за образование и наука да достави мислење по Акцискиот план.

**<u>Точка 46</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени, во предложениот текст.

**<u>Точка 47</u>**

Владата не ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг Јефута-инженеринг-Фуат и Јетон експорт-импорт ДОО Гостивар.

**<u>Точка 48</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул.„Теодосиј Гологанов“ бр.70 Б Скопје-Карпош, за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 49</u>**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Кореја, поради потребата предлагачот да ја усогласи од номо-технички аспект со Секретаријатот за законодавство и истата да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП)2019/25 на Советот од 8 јануари 2019 година за изменување и ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП)2018/1084, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/135 на Советот од 28 јануари 2019 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти со оглед на состојбата во Тунис, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/86 на Советот од 21 јануари 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, со заклучок Министерството за финансии да достави номинација на член за истото.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето на Наума Пољак, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето на Ајруна Бахтијари, за прием во државјанство на Република Северна Македонија по член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 56**

Владата го разгледа Барањето на Елези Кадира за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 57**

Владата го разгледа Барањето на Адем Елези за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 58**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето на Петрит Менај за прием во државјанство на Република Северна Македонија по член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, поради потребата Министерството за култура да достави ново мислење по Барањето и да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 221 став 3 од Законот за високото образование, поднесено од пратеникот Панчо Минов за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за образование и наука да достави мислење по истото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 61**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 21 ставови 1, 2, 3 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018), а во врска со член 7 став 1 од Законот за употреба на јазиците, поднесено од градоначалникот на Општина Карпош, поради потребата Министерството за образование и наука да подготви заедничко мислење во соработка со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на седниците на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 62

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 точка 4 - а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18) и член 1 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 245/18), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следново мислење:
Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 3 точка 4-а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и член 1 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/2018), со оглед дека со истите се повредуваат одредбите од членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во предметната Иницијатива е наведено дека одредбите од член 3 точка 4-а) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување не биле спорни се до влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/2018), бидејќи со член 1 став 3 од посоченото изменување и дополнување на Законот, во точката 5-а која станува точка 4-а бројот „5" се заменува со бројот „4", што значи дека во правниот промет се евидентирани две точки од членот 3 од наведениот закон кои се нумерирани како „4-а)", а се со различна содржина и може да дојде до заблуда во операционализацијата на наведената одредба во правниот промет.

Оттука, со истите се повредува начелото на владеење на правото кое подразбира постоење на јасни и прецизни норми и во случај да една одредба упатува на друга одредба, односно една одредба дава појаснување на одредени термини во друга одредба, другата одредба неминовно мора да ги содржи, со цел двете норми меѓусебно да се надополнуваат една со друга и така надополнувајќи се, формираат правна логична функционална целина.

Имено, со член 1 и член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 245/18), законодавецот има за цел да изврши корекција на утврдена техничка грешка во Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12), односно грешката се однесува на нумерација на точките во член 3 од Законот. Меѓутоа, се

увидува дека и со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 245/18), повторно е направена техничка грешка на член 3 од Законот, во смисла како што е наведено во доставената Иницијатива за оцена на уставност на спорните одредби.

Меѓутоа, имајќи ги предвид наведените уставни и законски одредби на кои се повикува подносителот на Иницијативата, се смета дека оспорените законски одредби не се противуставни, односно со истите не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото, при што не станува збор за суштинска, туку за техничка неусогласеност на одредбите од Законот, која при првата наредна измена на Законот, предлагачот на Законот ќе ја има предвид.

Врз основа на изложените причини, се смета дека наводите во Инцијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби се неосновани и дека истите се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата.

## Точка 63

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.74/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 ставови 4 и 5 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018) и член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016), поднесена од адвокат Томе Тодоровски од Свети Николе и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека оспорените одредби од член 46 ставови (4) и (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016) и член 10 ставови 3, 5, 6, 7 и 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018), се спротивни на член 8, член 9, член 32, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите во Иницијативата со оспорените одредби се повредувале темелните вредности на уставниот поредок пред се слободата на пазарот и претприемништвото и не се обезбедува еднаква положба на сите субјекти на пазарот од причина што за Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите ја донесува самостојно министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Комората на извршители односно се повредувало правото на еднаквост пред Уставот на Република Северна Македонија и законите бидејќи на Комората на извршители како страна во постапката и како вршители на дејност согласно Законот за извршување им е одземено правото активно како

Комора да учествуваат и одлучуваат за Тарифата за надомест од која зависела целокупната работа и целокупното извршување.

Подносителот на Иницијативата наведува дека согласно ставовите 5 и 6 од измените и дополнувањето на Законот за извршување законот предвидел да се ослободат од трошоци физичките лица кои примаат социјална парична помош, но се наметнувало прашањето дали некој ќе ги надоместел трошоците кои ќе се појават за извршување на извршителот кој ќе треба да ги извршува постапките без никаков надомест и кои трошоци паѓале на извршителот.

Воедно подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија, додека оспорениот закон оспорените одредби се на одлучување пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе решение со кое ќе се усвои и времена мерка и оспорената одлука оспорените членови да се стопираат и да не се применуваат се додека Уставниот суд на Република Северна Македонија не донесе решение - одлука по Иницијативата.

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата дека министерот за правда самостојно ја определува Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, без при тоа да им се даде можност на Комората на извршители да учествува во преговарањето за Тарифата.

Имено според член 46 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018), Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите ја донесува министерот, по претходно прибавено Мислење од Комората на извршители, според следниве критериуми:

1) Надоместокот за обработка на предметот се определува во зависност од висината на главното побарување. Трошоците се определуваат во реален износ, а надоместокот за спроведените дејствија се определува според видот, обемот, времетраењето и местото на извршувањето

2) награда на извршителот за извршените дејствија - реализација на извршната исправа се определува според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши и тоа:

- кај паричните побарувања наградата се определува според износот на наплатеното побарување и

- кај непаричните побарувања наградата се определува според вредноста на предметот на спорот утврдена во извршната исправа.

Според став (8) од истиот член, Комората на извршители е должна Мислењето по Предлог-тарифата за награда и надоместок на другите трошоци на извршителите од став (3) на овој член,

да го достави најдоцна во рок од 15 дена, сметано од денот на приемот на предлогот во Комората на извршители.

Според член 32 став (1) од Законот за извршување извршителот е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон именувано од
Министерството за правда, согласно со одредбите од овој закон.

Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и законите се еднакви.

Согласно член 32 од Уставот на Република Северна Македонија, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Северна Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Северна Македонија и законите.

Согласно член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Согласно член 17 став 1 алинеја 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за правда ги врши работите што се однесуваат, меѓудругото, и на нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош.

Од анализа на наведените уставни и законски одредби, произлегува дека член 46 ставови 4 и 5 од Законот за извршување и член 10 ставови 3, 5, 6, 7 и 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и законите од причина што се работи за јасно утврдени критериуми врз основа на кои се определува Тарифата за награда и надоместок за другите трошоци за работата на извршителите, односно како креатор за определување на Тарифата е вклучена и самата Комора на извршители давајќи мислење што е пропишано и со законот, дека министерот за правда ја донесува Тарифата но по претходно мислење од Комората на извршители.

Имено, во оспорените одредби од Законот за извршување, јасно е потенцирано дека законодавецот има намера определувањето на Тарифата за награда и надоместок за другите трошоци за работата на извршителите да ја утврди министерот бидејќи сепак се работи за трошоци кои доколку самостојно се определуваат од Комората на извршители негативно ќе се одрази врз граѓаните и правните лица.

Од тука не се работи за противуставност на оспорените одредби од Законот за извршување, туку подносителот на Иницијативата наведува дека на Комората на извршители не и е дозволено активно да учествува како страна во договарањето на тарифата. Меѓутоа, согласно член 46 став (3) од Законот за извршување, Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, министерот за правда ја донесува по претходно прибавено мислење од Комората на извршители, така што во своето мислење Комората може да даде сугестии, предлози, забелешки по однос на Тарифата и со тоа учествува како страна во договарањето.

Согласно горенаведеното, со оспорените одредби не се повредува начелото на владеење на правото и истата е во функција на доследно спроведување на Уставот на Република Северна Македонија, со што во конкретниот случај не станува збор за злоупотреба на работата на Комората на извршители.

Неосновани се наводите на подносителот дека со пропишаниот член 46 став (5) и (6) од Законот за извршување, на извршителот паѓале трошоците за извршување.

Според став (5) од Законот за извршување извршителот ќе го ослободи од плаќање на надоместоците определени во став (1) на овој член, и награда за реализација должникот - физичко лице кое според податоците од надлежната институција е евидентирано како примател на социјална парична помош.

Според став (6) од истиот член, вкупниот износ на надоместоци за спроведени дејствија определени врз основа на став (1) од овој член за извршување на примено барање од доверител правно лице против должник физичко лице, за извршување на нотарски платен налог (за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште) со налог за извршување по член 141 (налог за

извршување врз плата) или по член 149 од овој закон (извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице), не може да надминат 20% од главниот долг и каматата определени во извршната исправа. Во ограничувањата на висината на надоместоците не влегуваат трошоците за извршени три достави по пат на поштенска пратка и надомест за информација за трансакциска сметка на должникот од Единствениот регистар на трансакциски сметки.

Од горенаведеното, извршителот во никој случај не може да извршува присилно од овие лица затоа што според член 116 од Законот за извршување, истите се изземени од извршување врз основа на права на парична помош од социјална заштита. Оваа одредба постоеше и во Законот за извршување пред измените во 2018 година, со што извршителите и досега не ги наплатуваа надоместоците за обработка на предметот, трошоците и спроведените дејствија од лица приматели на социјална помош. Единствената разлика е во тоа што со измените Законот за извршување од 2018 година, се укина авансирањето на надоместоците за обработка на предметот, трошоците и спроведените дејствија, така што сега овие средства не може да ги побаруваат како аванс од доверителот и потоа да ги наплатат или да не ги наплатат од должникот доколку истиот остварува примање врз основа на права на парична помош од социјална заштита. Со измените всушност се овозможи реализација на правата на должникот во смисла на член 5 од Законот за извршување, кога истиот е примател на социјална парична помош.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување редефинирани се основите за креирање на новата Тарифа за награда и други надоместоци за работата на извршителите со цел да се намалат извршните трошоци. Во ставот (6) од членот 46 од Законот, се регулира максималниот износ на надоместоци и награда за извршителите во предметите за наплата на комуналните сметки, како и на сметките за другите јавни услуги на физичките лица со цел да се води сметка за социјалниот аспект на извршувањето и да се оневозможи неколкукратно зголемување на наплатените износи, споредено со долгуваните износи. Согласно член 1 од Уставот, Република Северна Македонија е дефинирана како суверена, самостојна и социјална држава и мора да се води сметка за интересите на граѓаните и социјалниот аспект на извршувањето.

Во однос на одредбата од член 46 став (6) од Законот, ваквата одредба е пропишана со цел намалување на трошоците на граѓаните односно должниците физички лица за извршување на нотарски платен налог (за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште) и тоа само во случај доколку извршувањето се спроведува по член 141 и член 149 од Законот за извршување, во кои случаи трошоците за спроведување на извршување се десет кратно и повеќе поголеми од главниот долг и каматата на главниот долг. Тоа се случуваше од причина што извршителите без оглед на висината на долгот спроведуваа извршување со средства за извршување за чие спроведување

се бара преземање на повеќе извршни дејствија заради зголемување на трошоците за извршување.

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување имаше за цел да ја олесни, поедностави, поефтини и зголеми ефикасноста при остварување на правата на граѓаните и правните лица и сите учесници во постапката пред извршител, а во правец на надградување на системот за брзо и ефикасно спроведување на извршување и остварување на правата на доверителите, почитувајќи го интегритетот на должникот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените член 46 ставови (4) и (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 72/2016) и член 10 ставови 3, 5, 6, 7 и 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 233/2018) се во согласност со член 8, член 9, член 32, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 ставови 4 и 5 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016) и член 10 ставови 3, 5, 6, 7 и 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 233/2018), ниту пак посебниот предлог за привремена мерка.

## Точка 64

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена пред Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 став (3), од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18), Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.32/19) и член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/18), поднесена од адвокат Александар Варела од Скопје и притоа го утврди следново мислење

Предлагачот на уставната Иницијатива, наведува дека член 46 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18) како и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.32/19) не се во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 и алинеја 4, член 33, член 68 став (1) алинеја 3, член 91 алинеја 1 и алинеја 5 и член 96 од Уставот и со Законот за организација и работа на органите на државната управа и дека член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/18) не е во согласност со член 8 став (1) алинеја 3, член 9 став (2) и член 52 од Уставот.

Подносителот на Иницијативата наведува дека самото носење на Тарифата од страна на орган на извршната власт каде се предвидуваат и определуваат точни износи на јавни давачки во вид на плаќање кон лица кои вршат јавни овластувања било спротивно на начелото на поделба на власта и уставните норми за утврдување на такви давачки со закон, а не со подзаконски акт донесен од министер при Владата со што се повредувала сигурноста за проверка и одлучување која била воспоставена со самата поделба на власта каде што владата како извршен орган не можела да определува јавни давачки освен да предлага, а тие исклучиво можеле да бидат донесени од Собранието како законодавен орган.

Понатаму се наведува дека со носењето на овој член од Законот за извршување и Тарифата се повредувал и Законот за организација на работа на органите на државната управа каде што јасно било наведено и определено кои биле можностите за донесување на акти од страна на министерот односно дека со Законот за организација на работа на органите на државната управа никаде не било наведено дека министер при Влада може да донесе акт со кој се определувале други јавни давачки во вид на надоместок или се уредуваат права и обврски кон граѓаните и други правни лица, а министерот можел да донесе правилник или акт со кој се определуваат одредени насоки за извршување на законите.

Со носењето на тарифата со погрешно повикување на одредби од постоечкиот Закон за извршување, министерот правел навлегување во сферата на дејствувања на Собранието, а не ги почитувал темелните вредности на уставниот поредок, особено на принципот на владеење на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска со што министерот ги надминал своите ингеренции.

Се наведува дека самата Тарифа била незаконски донесена односно немало поврзаност односно континуитет во законската основа на која се повикуваат при донесувањето, дека самата Тарифа во своите одредби содржела неправилности и неусогласености со постоечкиот Закон за извршување во однос на главните одредби за надоместоци и трошоци при реализација на извршните исправи односно во член 2 став (1) алинеја 2 од Тарифата никаде не се спомнувал терминот „реализација на извршната исправа“ туку се предвидувала награда за извршените дејствија, што било повеќе од суштествена разлика и со Тарифата се предвидувало нов тип на одредување на трошоци и награда која ја немало предвидено во член 46 став (1) алинеја 2 од Законот за извршување. Во член 3 од Тарифата се предвидувало одредување на надоместок за обработка на предмет според вид или дополнителни поделби на извршната исправа, а сето тоа било спротивно на одредбите од член 46 став (3) точка 1 од Законот за извршување каде што било предвидено ваквиот надоместок за обработка на предметот да биде исклучиво определено според висината на главното побарување со што Тарифата била спротивна на законски предвидената одредба. Во Тарифата не било предвидено на кој начин ќе се спроведуваат законските одредби ослободување од плаќање според член 46 став (5) на надоместоци предвидени во член 46 став (1) од Законот за извршување.

Исто така, не било предвидено како се применува новата законска одредба од член 46 став (6) од Законот за извршување која воопшто не била предвидена со Тарифата иако претставувала дополнително ограничување на постапувањето на извршителот во согласност со целокупниот Закон за извршување во смисла на задолжителност на налозите по член 141 и 149 од Законот за извршување, а правел и ограничување во надоместокот за преземените извршни дејствија кој не смеел да надминува 20%, што било исклучително нејасно и спротивно на еднаквоста на законите и нивната примена за сите.

Дополнително ваквата законска одредба правела да биде нејасно и ги делела предметите на извршување според видот на извршните исправи со што се стварала нееднаквост помеѓу странките во предмети кои не биле предвидени со член 46 став (6) од Законот за извршување и тие што биле предвидени. Со тоа според подносителот на Иницијативата би се овозможило дури и поголеми побарувања предвидени во извршните исправи, да бидат минимално тарифирани со незначителен трошок за обработка предвиден со новите измени, потоа со преземање на извршни дејствија само кон плата или сметка кои би го осуетиле наплатувањето во целост, наместо досегашната практика да извршителот бира на каков начин би се извршила извршната исправа, со цел почитување на правата на должникот и навремено и целосно наплатување на побарувањето.

Понатаму се наведува дека во Тарифата член 4 став (3) в.в со став (2) од истиот член бил во спротивност и со член 9 од истата тарифа, а и во спротивност на самиот член 46 од Законот за извршување односно не било јасно дали и кога извршителот да наплаќал за заклучокот кога сега се наведувало да не наплаќа, а во член 9 предвидувало да наплати како и дека во Тарифата со член 14 било определено да престане со важност на претходно донесената Тарифа од 2016 година објавен во („Службен весник на Република Македонија" бр.226/16), а тоа не било предвидено во законската одредба која го определувала начинот и примената на постоечките и новодонесени тарифи.

Понатаму подносителот на Иницијативата наведува дека со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/18), било сторено флагрантно кршење на уставниот принцип за неможност на ретроактивно дејство на примена на новодонесените закони, а особено што не постоел ниту услов за поволност на граѓаните, па оттука била и повредата за подвојување на граѓаните на поволни и неповолни решенија од примена на оспорениот закон. Поради непосточки услов за поволност, во целост бил спротивен овој член на уставниот поредок, а особено што правел подвојување и по видот на важењето, за одредбите да важи новиот закон, за тарифата да важи старата па новата додека се донесе, а во меѓувреме додека се донесе да не важи ниту една тарифа.

Воедно подносителот во согласност со член 50 став (1) и врз основа на член 71 од Деловникот на Уставен суд, а со оглед на неопходноста од правилно и законско делување на извршителите без да биле направени штети со примена на незаконски донесените измени, а посебно на

Тарифата, предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе и решение за привремена мерка односно запирање на извршување на било кој од оспорените одредби и поединечни акти и дејствија кои произлегуваат од нивно спроведување, до донесување на конечна одлука.

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата дека член 46 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/19) и член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/18), не се во согласност со Уставот и Законот за организација и работа на органите на државната управа, од следните причини:

Согласно член 8 став (1) алинеја 3 и алинеја 4 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, се утврдени владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Согласно член 9 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 33 од Уставот, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Согласно член 52 од Уставот, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Согласно член 68 став (1) алинеја 3, Собранието на Република Северна Македонија, меѓудругото, ги утврдува и јавните давачки.

Согласно член 91 алинеја 1 и алинеја 5 од Уставот, Владата на Република Северна Македонија, меѓудругото, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување и донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Согласно член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Според член 46 став (3) од Законот за извршување, Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите ја донесува министерот, по претходно прибавено мислење од Комората на извршители, според следниве критериуми:

1) Надоместокот за обработка на предметот се определува во зависност од висината на главното побарување. Трошоците се определуваат во реален износ, а надоместокот за спроведените дејствија се определува според видот, обемот, времетраењето и местото на извршувањето

2) награда на извршителот за извршените дејствија - реализација на извршната исправа се определува според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши и тоа:
- кај паричните побарувања наградата се определува според износот на наплатеното побарување,
- кај непаричните побарувања наградата се определува според вредноста на предметот на спорот утврдена во извршната исправа.

Имено, од анализата на наведената законска одредба произлегува дека со истата се утврдени критериуми и мерила за определување на наградата и надоместокот на трошоците на извршителите, со што законодавецот пропишал општи критериуми и параметри за определување на висината на трошоците за преземените дејствија на извршителот при спроведување на извршување. Притоа, право е на законодавецот да одлучи кому ќе го пренесе јавното овластување за донесување конкретен тарифник за определување на наградата и надоместок на трошоците на извршителите во конкретниот случај на министерот за правда, при што услов е тарифникот да биде определен во законски утврдените рамки. Тргнувајќи од фактот дека Законот ги утврдил мерилата и критериумите за определување на наградата и надоместок на трошоците на извршителите, при што определил јавното овластување за донесување на тарифник да го пренесе на министерот за правда по претходно прибавено мислење од Комората на извршители, наведената одредба е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за организација и работа на органите на државната управа во кој пак член 55 став (1) се пропишува дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршувње на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Клучно е да се има предвид дека извршителите се лица со јавни овластувања, на кои државата им пренела свои овластувања, но кои подлежат на регулација од страна на државата. Вршењето на дејноста извршител во никој случај не може да се третира како слободна економска дејност, која може да генерира приходи кои би го добиле третманот на сопственост, чија заштита се бара со предложената Иницијатива пред Уставниот суд. Извршителите имаат право на надоместоци за трошоци и награда согласно Тарифата која ја донесува министерот за правда, како овластено лице од страна на државата, како давател на јавните овластувања на извршителите. Воедно трошоците за работа на извршителот и наградата за неговата работа не се јавни давачки од

причина што истите не се прилив на државниот буџет туку истите се надоместок за работа на извршителите за преземените извршни дејствија.

Во однос на наводите на подносителот дека Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.32/19) не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, наведуваме дека тарифата е донесена согласно Законот за извршување односно член 46 став (3) од Законот за извршување. Министерството за правда укажува на фактот дека истоветна одредба со која се овластува министерот за правда да ја донесе Тарифата, врз основа на претходно прибавено мислење од Комората, во законското решение евидира од 2005-та година и истото го пројде како тестот на времето, така и на Уставниот суд. Имено, одредбата беше надградена заради одлуката на Уставниот суд 12/2006-тата, по која во законот се вметнаа законските критериуми за дефинирање на Тарифата.

Имајќи ги предвид наведените уставни и законски одредби и наводите во Иницијативата, сметаме дека оспорените одредби од Законот за извршување и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.32/19), не се противуставни, односно со истите не се нарушуваат темелните вредности за владеење на правото, при што не станува збор за суштинска, туку за техничка неусогласеност на одредбите од Законот за извршување, односно за погрешно повикување на одредбите од Законот за извршување, неуреденост на одредени прашања и нејасни одредби, која законодавецот треба да ја има во предвид при првата наредна измена на Тарифата со која ќе се промени законскиот основ за нејзино донесување, ќе се доуредат определени прашања кои не се уредени и не се јасни.

Наводите на подносителот дека тоа што во член 2 став (1) алинеја 2 од Тарифата никаде не се спомнувало терминот реализација на извршната исправа туку се предвидувала награда за извршените дејствија кое било суштествено различно, се неосновани, од причина што во законот е опишан само критериумот по кој се определува наградата, а во членот 5 од Тарифата точно се определува како се пресметува наградата односно дека наградата на извршителот за извршените дејствија, извршителот ја определува според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши, како и според износот на наплатеното побарување, со што оваа одредба од Тарифата во никој случај не е спротивна на законската одредба ниту пак истата може да доведе до различно толкување на одредбата при нејзината примена.

Неосновани се и наводите на подносителот дека членот 3 од Тарифата е спротивен на одредбите од член 46 став (3) точка 1 од Законот за извршување од причина што оваа одредба од Тарифата пропишува исклучок само кога се работи за надоместокот за обработка на предмет на нотарски платен налог за мали побарувања против физичко лице за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште.

Неосновани се и наводите на подносителот дека во Тарифата не било предвидено на кој начин ќе се спроведувале законските одредби за ослободување од плаќање според член 46 став (5) од Законот за извршување на надоместоци предвидени од член 46 став (1) од законот, од причина што законската одредба од член 46 став (5) од законот е прецизна и јасна односно извршителот не одлучува туку одредбата јасно наведува дека извршителот во секој случај ќе го ослободи од плаќање на надоместоците и наградата за реализација должникот - физичко лице кое според податоците од надлежната институција е евидентирано како примател на социјална помош. Ова од причина што извршителот во никој случај не може да извршува присилно од овие лица затоа што според член 116 од Законот за извршување, истите се изземени од извршување врз основа на права на парична помош од социјална заштита.

Оваа одредба постоеше и во Законот за извршување пред измените во 2018 година, со што извршителите и досега не ги наплатуваа надоместоците за обработка на предметот, трошоците и спроведените дејствија од лица приматели на социјална помош. Единствената разлика е во тоа што со измените на Законот за извршување од 2018 година, се укина авансирањето на надоместоците за обработка на предметот, трошоците и спроведените дејствија, така што сега овие средства не може да ги побаруваат, како аванс од доверителот и потоа да ги наплатат, или да не ги наплатат од должникот, доколку истиот остварува примање врз основа на права на парична помош од социјална заштита. Со измените всушност се овозможи реализација на правата на должникот во смисла на член 5 од Законот за извршување, кога истиот е примател на социјална парична помош.

Во ставот (6) од член 46 од Законот, пак е утврден исклучок во однос на примената на ставот (1) од истиот член односно кога станува збор за извршување на примено барање од доверител правно лице против должник физичко лице, за извршување на нотарски платен налог (за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште), односно станува збор за одредби за кои не е потребно разработување со подзаконски акт конкретно со Тарифата, кога висината на надоместокот и неговото пресметување е пропишано со закон.

Наводите на подносителот дека членот 4 став 3 в.в. со став 2 од истиот член од Тарифата е во спротивност со член 9 од истата тарифа исто така се неосновани од причина што со член 4 од Тарифата се пропишува кои од актите кои ги изготвува извршителот не се тарифираат, со што истиот не ги наплатува ни по член 9, кога извршната исправа е реализирана.

Неосновани се и наводите дека со членот 14 е пречекорено овластувањето и се задира во законски одредби од причина што престанокот на важење на подзаконските акти се пропишува со подзаконските акти кои ги заменуваат, а не со закон.

Неосновани се и наводите дека со членот 52 се кршел уставниот принцип за неможност за ретроактивно дејство на примена на новодонесените закони, односно се подвојувале граѓаните на поволни и неповолни решенија од примена на оспорениот закон со што се стварало конфузија, различно толкување, а воедно и спротивност со забраната за ретроактивност на законите.

Имено, според член 52 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/18) извршувањата започнати согласно одредбите од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13), и Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16 и 142/16), како и извршувањата започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно одредбите на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16 и 142/16) ќе продолжат согласно одредбите од овој закон. За преземените извршни дејствија до денот на влегување во сила на овој закон, извршителите ја применуваат Тарифата која била на сила во моментот на преземање на извршни дејствија, а за извршните дејствија кои се преземаат по денот на влегување во сила на овој закон се применува Тарифата донесена согласно одредбите од овој закон, при што не може да се бара поврат на платените надоместоци или награди.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се имплементира стратешките приоритети на државата определени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, особено во правец на намалување на трошоците за граѓаните во сите постапки.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување редефинирани се основите за креирање на новата Тарифа за награда и други надоместоци за работата на извршителите со цел да се намалат извршните трошоци.

Со членот 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се уредува примената на законските одредби и Тарифата која произлегува од одредбите на овој закон.

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување имаше за цел да ја олесни, поедностави, поефтини и зголеми ефикасноста при остварување на правата на граѓаните и правните лица и сите учесници во постапката пред извршител, а во правец на надградување на системот за брзо и ефикасно спроведување на извршување и остварување на правата на доверителите, почитувајќи го интегритетот на должникот. Од тие причини и во таа насока е пропишана и одредбата од член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување како преодна одредба со која се уредува примената на Тарифите и со конкретната одредба ниту извршителите ниту странките можат да претрпат било какви правни последици што би ги загрозило нивните права или интереси.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби од член 46 став (3) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и

233/18) и член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018) и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/19), се во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 и алинеја 4, член 9 став (2), член 33, член 52, член 68 став 1 алинеја 3, член 91 алинеја 1 и алинеја 5 и член 96 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 46 став 3 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18) и член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018) и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/19), како и посебниот предлог за привремена мерка за запирање на извршување на било кои од оспорените одредби и поединечни акти и дејствија кои произлегуваат од нивното спроведување, до донесувањето на конечна одлука.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.645 за КО Визбегово на КП 1082 викано место/улица Марковец и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.460 за КО Плетвар на КП 1435 во место викано Село, доставена од нотар Наташа Велеска од Прилеп и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 50325 за КО Кисела Вода 1 на КП 761 и по истата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1943 за КО Стајковци на КП 67 дел 1 викано место/улица Рупа и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

**1.** Владата ја именува Даниела Максимовска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод.

**2.** Владата ја именува Ивана Костовска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Пехчево

**3.** Владата го именува Славко Плушкоски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Вевчани.

4. Владата за претседател и членови на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, ги именува:

а) за претседател:
- Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи

б) за членови:
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука
- д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и
- Дане Талески, посебен советник за надворешни работи во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.“

**Точка 70**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**2.** Владата го разгледа Барањето на Министерството за транспорт и врски за изменување на Заклучок од Извадокот од Нацрт - записникот од 132 - та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 април 2019 година, Точка 7, Барање за давање гаранција за превоз на стока со железница за користење на хартиен товарен лист ЦИМ како транзитна декларација кој гласи:

„Владата го разгледа Барањето за давање гаранција за превоз на стока со железница за користење на хартиен товарен лист ЦИМ како транзитна декларација го усвои и го задолжи Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД веднаш да изврши депонирање на финансиски средства во износ од 10.000.000 денари во соодветна банка со цел обезбедување на предметната гаранција и надминување на ова прашање, а пак Министерството за транспорт

и врски од своите програми да обезбеди финансиски средства во истиот износ и да ги префрли на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД.“, заклучи да го измени и истиот да гласи:

„Се задолжува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за обезбедување на финансиски средства во износ од 10.000.000 денари со цел обезбедување на предметната гаранција и надминување на ова прашање.“

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 20 мај 2019 година до 26 мај 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по Барањето на Министерството за економија за изменување на заклучок од 132-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 април 2019 година, точка 2, кој гласи „- Се задолжуваат Министерството за економија и АД Водостопанство на Република Северна Македонија во рок од 15 дена да подготват и до Владата да достават информација за наплатените средства за 2018 година од издавање на концесии или дозволи за експлоатација на песок и чакал заради чистење на речните корита и канали“, заклучи истиот да се промени и да гласи:

„- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање и АД Водостопанството на Република Северна Македонија во рок од 15 дена да подготват и до Владата да достават Информација за наплатените средства за 2018 година од издавање на концесии или дозволи за експолатација на песок и чакал заради чистење на речните корита и канали.

- Се задолжува Министерството за економија да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави Информација за сите наплатени средства по основ на издавање на сите концесии од надлежност на Министерството за економија.“.

**5.** По повод Барањето за обезбедување финансиска поддршка од Здружението на скејт-бординг Гринд Хаус - Скопје до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр. 08-1759/1 од 28 мај 2019 година, за одржување на настанот BigAir - „Скок преку Камени мост“, кој ќе се одржи кај Камениот мост во Скопје, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од буџетот на Владата на Република Северна Македонија, од раздел 04001, програма 1-

Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери, да уплати 100.000,00 денари на горенаведениот субјект.

**Точка 71**

Владата го разгледа Тромесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес (за периодот 1.1.-31.3.2019 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ -Велес да ги има предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање (укажуваат на потребата надлежните органи да преземаат мерки и активности за намалување на непродуктивните трошоци, покривање на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата).

**Точка 72**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Национални шуми“-п.о.- Скопје, за период од 1.1. - 31.3.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници - Транспорт АД - Скопје за период 1.10. - 31.12.2018 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈП за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за период јануари - март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за април 2019 година, како материјал за информирање

**Точка 76**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2018 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на

Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот да постапи по Мислењето на Кабинетот на д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јануари до 31 март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со Ревизија на усогласеност за 2017 година во ЈЗУ Институт на трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Исто така, Владата заклучи ЈЗУ Институт на трансфузиона медицина на Република Северна Македонија до крајот на 2019 година до Владата да достави извештај за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ненаплаќањето на банкарските гаранции во согласност со одлуките за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи со локации со референтен број 9 на река Јадовска и референтен број 352 на река Зрновска, како материјал за информирање

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за февруари 2019 година, како материјал за информирање

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во рамки на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца 0-14 години, за периодот 2018 -2028 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик (јануари - декември 2018 година), како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми, во периодот 1.1.2019 до 31.3.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда, Апостол Симовски, директор на Државниот завод за статистика и Зирап Адеми, заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

**Точка 85**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка и заклучи, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 86**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (28.5.2019 година) и го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 8 од Предлог-законот ставот (15) да се измени и да гласи:

„Советот за Охридскиот регион одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за Охридскиот регион, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот за Охридскиот регион кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија."

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Асаф Адеми, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереник Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Предлог-фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2020-2022 година, ја донесе Фискалната стратегија и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на годишните средби на Холандската конституенца во рамки на Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка, 21-23.6.2019 година, Скопје и Охрид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да формира работна група за организација на годишните состаноци на Холандската конституенца.

- Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, а се препорачува на НУ Музеј на Република Северна Македонија, Агенцијата за промоција и

поддршка на туризмот и Општина Чаир во рок од пет дена да номинираат членови и нивни заменици во работната група.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи да обезбедат приоритет на постапка за издавање на визи за влез во Република Северна Македонија на делегациите на годишните средби на Холандската конституенца 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да преземе соодветни безбедносни мерки неопходни за ефикасно одржување на годишните средби на Холандската конституенца во Скопје, околината на Скопје и Охрид во период од 20 до 24 јуни 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да помогне при спроведувањето на протоколарните активности поврзани со годишните средби на Холандската конституенца 2019 година.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди големи знамиња со јарболи за внатрешна употреба на земјите членки на Конституенцата, како и знамиња на двете меѓународни институции (Светска банка и ММФ) ко-организатори на настанот.

6. Се задолжува службата за односи со јавност на Владата, во соработка со службата за односи со јавност на Министерството за финансии да обезбеди соодветно медиумско покривање на настаните.

7. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди 30 автомобили од висока класа, во одлична возна состојба, со возачи во периодот од 20 јуни до 24 јуни 2019 година.

8. Се задолжува НУ „Музеј на Република Северна Македонија“ хортикултурно да го уреди платото пред влезот на Куршумли Ан во Старата скопска чаршија.

9. Се задолжува Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да обезбеди соодветен промотивен материјал за убавините на Република Северна Македонија за секој учесник на настанот.

10. Се укажува на Општина Чаир да обезбеди непречен пристап до објектите во Старата скопска чаршија за време на одржувањето на годишните средби, односно од 21 до 23 јуни 2019 година

## Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на заем обезбеден со гаранција заснована на политики од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, со Писмо за развојни политики ја усвои Информацијата и го задолжи д-р Драган Тевдовски, министер за финансии

да го потпише Писмото за развојни политики и да го достави до Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на дополнителни финансиски средства за спроведување на процесот на нивелација на платите во институциите од областа на културата и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за култура потребните средства во износ од 16.300.000,00 денари да ги обезбеди до крајот на тековната 2019 година со пренамена на средствата од сопствениот буџет.

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XII“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „ALBANIAN EFFORT 19“, во Република Албанија, во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „SABER JUNCTION 19“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „PLATINUM LION 19“, во Република Бугарија, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „JOINT REACTION 19“, во Република Албанија, во предложениот текст.

**<u>Точка 96</u>**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „COMMON CHALLENGE 19“, во Црна Гора, во предложениот текст.

**<u>Точка 97</u>**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „TORRI“, во Република Италија, во предложениот текст.

**<u>Точка 98</u>**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „BALKAN BRIDGES”, во Република Бугарија, во предложениот текст.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **м-р Радмила Шекеринска** |